Националниот Совет за платни системи на Република Македонија на својата прва седница одржана на ден 09.11.2004 година, донесе

# ДЕЛОВНИК
на Националниот Совет за платни системи
на Република Македонија

**Основни одредби**

Член 1

Со овој Деловник се утврдува начинот на работа на Националниот Совет за платни системи на Република Македонија (во натамошниот текст: Совет), преку:

- правата и должностите на членовите на Советот;
- правата и должностите на претседателот на Советот;
- припремање и свикување на седници на Советот;
- начин на вршење на стручни и административни работи поврзани со работата на Советот;
- јавност во работата и информирањето на Советот и
- седиште и финансирање на Советот.

**Права и должности на членовите на Советот**

Член 2

Членовите на Советот имаат право и должност да присуствуваат на седниците на Советот, да учествуваат во работата на Советот и да одлучуваат на седниците на Советот.

Член 3

Членовите на Советот имаат право на покренување на иницијатива за разгледување на одредени прашања и право на предлагање на поединечни прашања за дневниот ред на Советот.

Во работата на Советот може да учествуваат и претставници на други државни институции и други правни лица кога членовите на Советот ќе одлучат дека нивното учество во работењето ќе придонесе за стручно и целосно согледување на прашањата кои се разгледуваат, односно кога на Советот се расправа за решенија за прашања кои се поврзани со овие институции.

**Права и должности на претседателот на Советот**

Член 4

Претседателот на Советот :

- ги припрема и свикува седниците на Советот;
- го предлага дневниот ред на седниците на Советот;
- претседава на седниците на Советот;
- го именува и разрешува секретарот на Советот;
- ги потпишува одлуките, заклучоците и препораките на Советот и

- го претставува (застапува) Советот спрема трети лица.

**Заменик претседател на Советот**

Член 5

Во отсуство и спреченост на претседателот на Советот функцијата претседател на Советот ја врши заменикот претседател.

**Начин на работа на Советот**

Член 6

Советот работи на седници.

Точките за дневен ред може да се доставуваат до претседателот на Советот најдоцна осум денови пред одредениот датум за одржување на седницата.

Седниците на Советот ги свикува претседателот на Советот.

Седниците на Советот се одржуваат еднаш на три месеци, според претходно постигнат договор помеѓу членовите на Советот.

По потреба, претседателот на Советот може да свика и вонредна седница на Советот.

Во случај на неможност на одржување на седниците претседателот на Советот ги известува останатите членови на Советот.

Покани за седниците на Советот со предлогот за дневниот ред се доставува до членовите на Советот најмалку пет денови пред одредениот датум за одржување на седницата.

Со поканата за седница до членовите на Советот се доставува и записникот од претходната седница, како и материјал за расправа за седницата која се закажува.

Член 7

По исклучок, во итни случаеви, претседателот на Советот може да свика седница на Советот во рок пократок од пет денови, а дневниот ред може да го предложи, и материјалите за поедини точки на дневниот ред да им ги предаде на членовите на Советот на самата седница на Советот.

Член 8

Седницата на Советот може да се одржи ако се присутни повеќе од половина од членовите на Советот со тоа што секој потписник на спогодбата за основање на Советот (во натамошниот текст: потисник на спогодбата) мора да биде застапен најмалку со еден член.

Член 9

Дневниот ред на седницата на Советот се утврдува на почетокот на седницата по предлог на претседателот на Советот. Секој член на Советот може да предложи поединечни точки на дневниот ред на седницата на Советот.

По утврдување на дневниот ред се прифаќа записникот од претходната седница, со консензус на присутните членови, а потоа се преминува на расправа на поедините точки на дневниот ред.

Доколку неможе да се постигне консензус, тогаш во записникот се наведуваат посебните ставови на секоја страна.

Член 10

Советот во своето работење донесува заклучоци и препораки за постапување во доменот на платните системи (во натамошниот текст: заклучоци и препораки).

Заклучоците и препораките Советот ќе настојува да ги донесе едногласно (со консензус).

Доколку за одредени точки не може да се постигне консензус, тогаш се наведуваат посебните ставови на секоја страна.

Член 11

Советот може во зависност од потребата, а со цел поефикасно и постручно работење, да формира работни групи, кои на членовите на Советот ќе му дадат стручно мислење и предлог за решавање на одредени прашања кои се од интерес за работата на Советот.

Советот донесува одлука за формирање на работни групи со која им се одредува задачата на работната група и рокот на нејзино извршување, членовите на работните групи и претседател на работната група. Одлуката за формирање на работната група се донесува на начин кој е уреден со член 10 во овој Деловник за донесување на заклучоци и препораки за постапување во доменот на платните системи.

**Начин на извршување на стручни и административни работи**

Член 12

Во припремата и организацијата на седниците на претседателот на Советот му помага секретарот на Советот.

Секретарот на Советот води записник на седниците на Советот и ги извршува останатите административно-технички работи неопходни за непрекината и ефикасна работа на Советот.

Член 13

За работата на седниците на Советот се води записник кој има реден број спрема редоследот на седниците.

Записникот го составува секретарот на Советот, а го одобрува претседателот на Советот.

Записникот ги содржи следните податоци:

- датум, време и место на одржување на седниците;
- присутни и отсутни членови на Советот;
- останати членови кои учествуваат во работата на Советот;
- дневен ред;
- расправа и
- одлуки, заклучоци и препораки по точките на дневен ред.

**Јавност во работата и информирањето**

Член 14

Заклучоците и препораките кој ги донесува Советот во своето работење се објавуваат на интернет страната на Народна банка на Република Македонија, и се доставуваат до сите банки и други институции за чие работење се однесуваат заклучоците и препораките.

**Седиште и финансирање на работата на Советот**

Член 15

Седиште на Советот е во Скопје при Народна банка на Република Македонија.

Народна банка на Република Македонија го обезбедува просторот за одржување на седниците на Советот и ја овозможува неопходната административна и техничка подршка за непречена работа на Советот.

По потреба седниците на Советот можат да се одржат и надвор од Народна банка на Република Македонија односно надвор од Скопје.

Член 16

Трошоците кои настануваат поврзани за работењето на Советот (патни трошоци, дневници, работа подолго од работното време, посебни хонорари и сл) секој потписник ги подмирува за сопствените членови, односно претставници кои учествуваат во работата на Советот.

Наведените трошоци за претставниците од државните институции или правните лица кои не се потписнички на спогодбата, а учествуваат во работењето на Советот, ги подмируваат самостојно.

Член 17

Овој Деловник стапува на сила од денот на донесувањето.

Скопје, 09.11.2004 година.

Претседател на Советот

Емилија Нацевска
Вицегувернер